# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИСИЛНА НАПЛАТА

Општина Демир Хисар ги известува сите физички и правни лица кои се даночни обврзници по основ на данок на имот и комунална такса (фирмарина), дека во согласност со одредбите за присилна наплата од Законот за даноците на имот, започнува постапка за присилна наплата на неплатените обврски по тие основи, а заклучно со 2023 година.

Напоменуваме дека, во тековната година, Општина Демир Хисар испрати опомни за неплатен данок на имот и комунална такса (фирмарина) до сите правни и физички лица кои вршат дејност на територијата на општината. Од причини што рокот во којшто требаше да се изврши плаќање по доставените опомени е изминат, Општина Демир Хисар започна со изготвување на **Решенија за присилна наплата** кои ќе ги достави до даночните обврзници и носителите на платен промет (деловните банки).

Со цел да се избегне блокирање на сметките, сите обврзници кои по горенаведените основи имаат заостанати и неплатени обврски, потребно е најитно **(заклучно со 25.12.2023 год.)** да ги подмират своите обврски.

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски**